# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

**Службен весник на РМ, бр. 18 од 14.02.2011 година**

**Член 1**

Во Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 4/2005, 13/2007, 165/2008 и 146/2009), во членот 13 ставот (3) се менува и гласи:
„Делот од надоместокот што го плаќа секој од етажните сопственици од ставот 2 на овој член се определува сразмерно на бројот на посебните делови од зградата спрема вкупната површина на земјиштето предмет на приватизација, при што се воспоставуваат односи меѓу етажните сопственици кои произлегуваат од правната содржина на правото на заедничка сопственост на градежно изградено земјиште согласно со Законот за градежно земјиште и Законот за сопственост и други стварни права. Надоместокот за секој етажен сопственик се пресметува на начин што вкупната површина на земјиштето предмет на приватизација се дели со бројот на посебните делови од зградата и се множи со висината на надоместокот по метар квадратен утврден според соодветната намена согласно со Уредбата за висина на надоместокот за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместокот за приватизација на градежно земјиште. Бројот на посебни делови од зграда се утврдува од страна на органот на државната управа надлежен за имотноправните работи со увид на самото место."
Ставот (4) станува став (5).

**Член 2**

Во членот 14 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:
„(4) Градежното земјиште на кое право на користење имаат лицата од членот 2 точка 7 на овој закон, а за кое градежната парцела не е дефинирана со актот за урбанистичко планирање со кој се утврдува градежната парцела, правото на приватизација може да го остварат во рамките на стекнатото право на користење."
Ставовите (4), (5) и (6) стануваат ставови (5), (6) и (7).

**Член 3**

Членот 27 се менува и гласи:
„Барањето за приватизација од членот 26 на овој закон може да се поднесе до 31 декември 2012 година."

**Член 4**

Во членот 28 став (3) алинеја 2 на крајот од реченицата по запирката се додаваат зборовите: „само во случаите кога се бара приватизација без обврска за плаќање на надоместок".
Во ставот (3) алинејата 4 се брише.
Во ставот (4) по зборот „примерока" точката се брише и се додаваат зборовите: „од кои едното барање со прилозите во оригинал, а второто барање со прилозите во фотокопие".

**Член 5**

Започнатите постапки за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат според одредбите од овој закон.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.